**ЗАПИСНИК**

***од Првата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 24 септември 2014 година, во сала на Уставна комисија, Собрание на Република Македонија***

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции започна во 14.10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г. Илија Димовски, потпретседател на Националниот совет за евроинтеграции.

Од Националниот совет за евроинтеграции на седницата присуствуваа: г.Илија Димовски потпретседател на Советот, г.Фатмир Бесими заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања и член на Советот, г.Антонио Милошоски, г-ѓа Силвана Бонева, г.Кенан Хасипи, г.Александар Николоски пратеници и членови на Советот, г-ѓа Нора Алити, г-ѓа Ане Лашкоска, г-ѓа Лилјана Затуроска, г-ѓа Светлана Карапетрова и г. Артан Груби пратеници и заменици-членови на Советот, г.Димитар Мирчев, претставник од Кабинет на Претседателот на Република Македонија, г.Дарко Ангелов претставник од Кабинетот на Претседателот на Владата на Република Македонија, г.Владо Камбовски претседател на Македонската академија за науките и уметностите, г.Жика Стојановски од Заедницата на единиците на локалната самоуправа, г.Насер Селмани од Здружението на новинари на Македонија, г.Антони Пешев од Стопанска комора на Македонија, г.Живко Митревски претседател на Сојузот на синдикати на Македонија, г.Лулзим Хазири од Граѓанска платформа на Македонија, г-ѓа Павлина Маневска од Евангелско методистичката црква, г-ѓа Валентина Зафировска од Еврејската заедница и г.Митко Алексов заменик претставник, од Сојузот на стопанските комори на Македонија.

На седницата присуствуваше г.Роберт Лидл Раководител на Оддел за политички прашања, правда и внатрешни работи, во Делегацијата на Европската унија во Република Македонија. На седницата присуствуваа претставници од Службата на Собранието на Република Македонија и медиумите.

На седницата на Советот присуствуваше Нола Исмајлоска пратеник во Собранието на Република Македонија.

На седницата беше предложен следниот:

**Дневен ред:**

1. **Извештај за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, ревизија 2014 година за периодот 01.01.2014-31.03.2014 (прв квартал) и**

2. **Извештај за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, ревизија 2014 година за периодот 01.04.2014-30.06.2014 (втор квартал).**

Со оглед дека двете точки од дневниот ред се однесува на иста тема - реализација на Националната програма за усвојување на правото на НПАА и истите беа поврзани, на предлог на Потпретседателот на Советот, двата квартални извештаи беа разгледани како единствена точка на седницата.

Извештаите за реализираните активности од НПАА за првиот и вториот квартал од годината, пред членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции ги презентираше д-р Фатмир Бесими, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања.

Советот беше информиран за постигнатиот напредок во изминатиот период, за тековните активности кои институциите ги превземаат во насока на подготовка на планирањето на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ - ревизија 2015, истовремено и за последните консултации со Европската комисија во врска со редовниот годишен Извештај за напредокот на Република Македонија за 2014 година, кој се очекува да биде објавен на почетокот на октомври годинава.

Советот беше запознат за спроведените реформи во областа на судството, за степенот на усвојување на законите и подзаконските акти предвидени со годишната ревизија на НПАА, за постигнувања во областа на борбата против организираниот криминал и корупцијата, слободата на изразување, политичкиот дијалог, реформата на јавната администрација, меѓуетничките односи, добрососедските односи и регионалната соработка.

Во расправата на седницата, со свои дискусии, сугестии и препораки, учествуваа: г.Илија Димовски потпретседател на Советот; г-ѓа Силвана Бонева и г.Антонио Милошовски пратеници и членови на Советот; г-ѓа Нора Алити пратеник и заменик-член на Советот; проф.д-р Димитар Мирчев член на Советот од кабинетот на Претседателот на Република Македонија, г.Дарко Ангелов член на Советот од Кабинетот на Претседателот на Владата, академик проф.д-р Владо Камбовски член на Советот од Македонската Академија на науките и уметностите, г. Насер Селмани член на Советот од Здружението на новинари на Македонија, г.Антони Пешев претставник на Стопанската комора на Македонија и г.Живко Митревски од Сојузот на синдикати на Македонија.

Евроинтеграциите остануваат приоритет за Владата и за Собранието, значајно е Република Македонија што поскоро да го добие датумот за почеток на преговорите. Во текот на дебатата, од страна на членовите и претставниците на Советот беше потенцирана потребата за учество на политичките партии од опозицијата во работата на Собранието како и во работата на Националниот совет имајќи го во предвид инклузивниот карактер и составот на ова тело кое ги рефлектира различните политички, етнички, верски и

интересни групи во општеството обединети во заедничката цел-членството на Република Македонија во Европската унија.

Седницата заврши во 16.00 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Првата седница и списокот на присутни членови и претставници на Советот, и нивни-заменици.

30 - 3555/6
17.11.2014

**ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
**Илија Димовски,**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Собрание на Република Македонија
СКОПЈЕ

Раководител на Секторот за поддршка на
Националниот совет за евроинтеграции,
Даниела Велковска,